**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**
**БИРО ЗА ЛЕКОВИ**

Бр.15- 2082/3
Дата год.
Скопје 26 -05- 2010

"50 Дивизија"-бб-Скопје
☏ +389-02-3112-500 лок.222
fax: +389-02-3298-435

Врз основа на член 69 и член 70 од Законот за лекови и медицински помагала ("Службен весник на РМ" бр.106 /2007) и член 205 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на РМ" бр.38/2005, 110/08), постапувајќи по барањето на ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС ДООЕЛ од Ново Село, за измена на решенијата бр. 15-9360/3 од 20.08.2003 год и бр. 15-7637/2 од 14.12.2004 год. министерството за здравство на Република Македонија, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

**Се утврдува** дека **Друштвото за трговија и производство ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС ДООЕЛ - Скопје,** со седиште на ул. „Гоце Делчев " бр. 12 во Ново Село ги исполнува условите по однос на простор, опрема и кадар за вршење на дејноста **производство на хербални и традиционални хербални лекови во цврста и течна фармацевтска дозирана форма,** во објектот лоциран на истоимената адреса.

## О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за трговија и производство ИНТЕР-ЕВРОГЕНЕКС ДООЕЛ - Скопје, со седиште на ул. „Гоце Делчев " бр. 12 во Ново Село, поднесе писмено барање број 15-2082/2 од 21.04.2010 година до Министерството за здравство, со кое бара да се изменат решенијата бр. 15-9360/3 од 20.08.2003 год и бр. 15-7637/2 од 14.12.2004 год. со кои Министерството за здравство издало одобрение за вршење на дејноста производство на помошни лековити средства во течна и цврста дозирана форма, согласно стариот Закон за лековите, помошните лековити средства и медицински помагала (Сл.весник на РМ бр.21/98). Со донесување на новиот Закон за лекови и медицински помагала ("Службен весник на РМ" бр.106 /2007) терминот помошни лековити средства се замени со термините хербални лекови и традиционални хербални лекови. Од тие причини оправдана е потребата од измена на решенијата бр. 15-9360/3 од 20.08.2003 год и бр. 15-7637/2 од 14.12.2004 година.

Министерството за здравство го разгледа барањето и поднесената документација за измена на решнијата и врз основа на погоре наведното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Подносителот на барањето има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение до комисија за решавање во управна постапка во втор степен при Владата на Република Македонија.

**ДИРЕКТОР,**
**Прим.м-р Илчо Захариев**

Прим. м-р. Илчо Захариев
Дипл. фармацевт

**МИНИСТЕР,**
**D-r Bujar OSMANI**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

*Доставено до:*

- Подносителот на барањето,
- Архива.